# THE CHALLENGES AND PERSPECTIVES OF WOMEN ENTREPRENEURSHIP IN THE PELAGONIA REGION

**Monika Markovska**
FIKT, University St. Kliment Ohridski, Bitola, Republic of North Macedonia,
monika.markovska@uklo.edu.mk
**Penka Mukaetova**
Consulting Inter Group, Skopje, Republic of North Macedonia, penka.mukaetova@yahoo.com

**Abstract:** Encouraging women's economic participation is a key prerequisite for their social inclusion and action. The active engagement of women in entrepreneurial activities presupposes the development of self-confidence, financial independence, as well as the creation of new employment opportunities. Despite significant potential for personal and professional development, entrepreneurship is still not perceived as an attractive career path by the majority of the female population. This paper focuses on the attitudes, perceptions, and motivational factors of women in the Pelagonia region to develop programs, measures, and policies that encourage and support female entrepreneurship. The development of women entrepreneurs is a complex process that requires coordinated efforts, long-term commitment, and strategic action by political actors, educational institutions, and other relevant stakeholders. There is also a need for an appropriate environment that will stimulate innovative thinking, encourage entrepreneurial initiatives and enable the development of entrepreneurial behaviour. Hence, the need for a strategic approach to building an entrepreneurial culture among women, with a special emphasis on developing "opportunity-based entrepreneurship" that creates greater added value and contributes to sustainable economic growth.
**Keywords:** entrepreneurship, women entrepreneurs, innovation, entrepreneurial behaviour.

# ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Моника Марковска**
ФИКТ, Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола, Република Северна Македонија,
monika.markovska@uklo.edu.mk
**Пенка Мукаетова**
Интер Груп Консалтинг, Скопје, Република Северна Македонија, penka.mukaetova@yahoo.com

**Резиме:** Поттикнувањето на економското учество на жените претставува клучен предуслов за нивното општествено вклучување и делување. Активниот ангажман на жените во претприемачки активности претпоставува развој на самодоверба, финансиска самостојност како и создавање на нови можности за вработување. И покрај фактот дека претприемништвото има значаен потенцијал за личен и професионален развој кај жените, овој динамичен феномен сеуште не се перцепира како привлечна кариерна патека кај најголем дел од женската популација. Овој труд се фокусира на анализа на ставовите, перцепциите и мотивациските фактори на жените во Пелагонискиот регион, со цел да се креираат програми, мерки и политики за поттикнување и поддршка на женското претприемништво. Развојот на жените претприемачи претставува комплексен процес што бара координирани напори, долгорочна посветеност и стратешко делување на политичките актери, образовните институции и другите релевантни чинители. Исто така, се наметнува и потребата од соодветно опкружување кое ќе го стимулира иновативното размислување, ќе ги охрабрува претприемачките иницијативи и ќе овозможи развој на претприемачко однесување. Оттука произлегува потребата за стратегиски пристап во градењето на претприемачка култура кај жените, со посебен акцент на развој на „претприемништво засновано на можности“, кое создава повисока додадена вредност и придонесува за одржлив економски раст.
**Клучни зборови:** претприемништво, жени претприемачи, иновации, претприемачко однесување.

## 1. ВОВЕД

Трудот има за цел да даде преглед во клучните аспекти на женското претприемништво, вклучувајќи ги прашањата за тоа кои компетенции се најважни за формирање претприемничко однесување, кои од нив можат да се развијат кај жените и кои фактори најсилно влијаат врз нивната одлука да започнат сопствен бизнис. Во оваа рамка, претприемачкото оспособување претставува процес на стекнување знаења, вештини

и ставови што им овозможуваат на жените поефикасно да функционираат во современиот пазарен екосистем, при што се засилува нивната конкурентност и економска активност (Mellor et al., 2009). На локално ниво во Пелагонискиот регион се наметнува потребата од реализирање на активности кои се насочени кон создавање услови жените да го развијат својот капацитет за препознавање можности, проценка на ризици и донесување информирани одлуки. Ова ја нагласува потребата од примена на современи и интерактивни алатки за учење, кои овозможуваат практично разбирање на претприемничките процеси и овластување на сегашните и идните претприемачи (Mbarushimana, 2023). На тој начин, жените стекнуваат функционални знаења и применливи вештини за делување во динамична економска средина. Инвестициите во женското претприемништво носат значајни придобивки на локално и регионално ниво, бидејќи жените често ги насочуваат своите ресурси кон здравјето, благосостојбата и образованието, што создава пошироки позитивни општествени ефекти (World Bank, 2018). Во Пелагонискиот регион, стратешките напори треба да се фокусираат на три клучни области:
(1) создавање поволни услови за развој на женското, младинското и социјалното претприемништво;
(2) јакнење на институциите и давателите на финансиски и нефинансиски услуги; и
(3) развивање на специјализирани програми, алатки и пристапи за поддршка на жените при започнување и водење сопствени бизниси.
Развојот на вештините е препознаен како фундаментален предуслов за зголемена продуктивност, економски раст и конкурентност. Тој ги опфаќа сите процеси на формално и неформално образование што им помагаат на индивидуите да бидат флексибилни, проактивни и подготвени да се прилагодат на променливите потреби на пазарот на труд (Arqimandriti et al., 2023). Со оваа анализа се настојува објективно да се прикажат предизвиците и можностите со кои се соочуваат жените во Битола – со акцент на невработеноста, вработливоста и претприемништвото. Политиките на локалната самоуправа ја истакнуваат родовата еднаквост како стратешки приоритет, а мерките за поддршка на женското претприемништво сѐ повеќе се насочени кон унапредување на претприемачкото образование и создавање поттикнувачка средина.

## 2. ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

За да може да се поврзат поимите „жени“ и „претприемништво“ за почеток е потребно да се дефинира и подобро да се објасни што подразбира самиот поим претприемништво. Бројните автори во своите трудови истакнуваат различни, но сепак во својата суштина слични дефиниции и описи на претприемништвото. Претприемништвото претставува способност за покренување на определена акција, преземање активности со цел да се постигне некоја определена цел, покажувајќи подготвеност за соочување со препреките и подготвеност на неизвесност и преземање на ризик (Buble, 2020). Претприемништвото може да се гледа како процес во кој се создава нова вредност во комбинација со достапните ресурси и со цел да се искористат можностите. Новата вредност подразбира профит, а можностите претставуваат ситуации кои нудат можности за остварување на профит. Американскиот професор Jeffry Timmons, кој се занимавал со истражување на претприемништвото, го дефинирал како процес во кој се создава нешто вредно од ништо. После одредувањето на поимот претприемништво, може да се постави прашањето зошто воопшто се зборува за „женско претприемништво“. Некои автори сметаат дека претприемништвото како поим сам по себе не содржи род, не прави разлика помеѓу претприемништво на мажи и жени. Женското претприемништво ги подразбира претприемачките активности кои се преземени од страна на жени, односно, претприемништво во кое се вклучени жените. Женското претприемништво претставува еден од новите облици на претприемништво кој се појавува кон крајот на 20- тиот век. Причините за настанување на овој вид на претприемништво се поврзува со преминот во пазарна економија, каде како резултат на кризата голем број на жени остануваат невработени. Поради тоа, жените влегуваат во постапка на самовработување, односно, покренуваат сопствена преприемачка иницијатива, за да може да излезат од кризата на невработеност, а во тоа им помагаат нивната креативност, вештини и знаења. Во денешно време, жените претприемачи воглавно се наоѓаат во активностите поврзани со храна, трговија, козметика, мода и друго, па така стануваат сé поголема атракција во земјите. Во нивните активности дополнително им помагаат различни центри за образование и обука во кои се специјализираат во подрачјето на маркетинг, финансии, менаџмент, стратегии и развој.
Клучно прашање во истражувањето на женското претприемништво е утврдувањето на мотивите кои ги поттикнуваат жените да се вложат во претприемнички процеси. Во литературата најчесто се прави разлика меѓу претприемачи мотивирани од потреба и оние ориентирани кон можности. Првиот тип се појавува во контекст на неповолни економски услови, ограничени можности на пазарот на труд и незадоволство од постојната работна позиција. Во овие случаи, започнувањето сопствен бизнис претставува обид за надминување на економските бариери, а не избор базиран на визија и стратегија. Наспроти тоа,

претприемачите ориентирани кон можности гледаат на претприемништвото како перспективна кариерна насока, воочуваат неискористени пазарни сегменти и развиваат планови за нивно претворање во одржлив бизнис. Овој тип претприемачи најчесто поседува јасна деловна ориентација, повисоко ниво на самодоверба и подготвеност за преземање ризик.

Создавањето услови за раст на женските претприемачки иницијативи, особено на оние базирани на можности, бара силна институционална поддршка, пристап до ресурси и образовни програми насочени кон јакнење на претприемничките компетенции. Потребна е околина која ја стимулира иновативноста, го поттикнува претприемничкото однесување и обезбедува еднаков пристап до финансиски и нефинансиски услуги. Во таа насока, неопходно е стратегиско планирање за развивање на претприемничка култура кај жените, што претставува клучен предуслов за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.

Економскиот развој на Општина Битола е силно поврзан со специфичните природни и структурни фактори кои ја обликуваат локалната економија. Земјоделските ресурси, шумскиот потенцијал и минералните богатства претставуваат значајна основа за создавање нови деловни активности, особено во аграрниот сектор кој нуди простор за отворање на нови работни места и зајакнување на локалната економска структура (Општина Битола, 2023). Во последната деценија, претприемништвото повторно се наметнува како значаен механизам за зголемување на вработувањето, унапредување на конкурентноста и поттикнување на локалниот и регионалниот развој (Arqimandriti et al., 2023). Женското претприемништво, во овој контекст, е препознаено како средство за економско јакнење на жените, подигнување на нивната самодоверба и обезбедување финансиска независност, што директно придонесува кон намалување на сиромаштијата и создавање пошироки социјални придобивки (World Bank, 2018).

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето претставува темел за понатамошно дефинирање на политики, стратегиски документи и активности насочени кон унапредување на женското претприемништво. Главната цел е да ги идентификува потребите, предизвиците и потенцијалите на жените претприемачи, со намера да се креираат мерки што ќе ја зголемат нивната конкурентност и иновативност. Методолошката рамка на истражувањето се заснова на комбиниран пристап кој ги обединува квантитативните и квалитативните методи, при што процесот е развиен во повеќе последователни фази. Преку ваквиот интегриран пристап се обработуваат различните компоненти на претприемачките бариери и перспективи кај целната група. Примената на холистички пристап овозможува истражувањето да понуди систематска поддршка во креирањето политики и иницијативи посветени на женските претприемачи во Битола. Основниот проблем што се разгледува се однесува на женското претприемништво како инструмент за подобрување на вработливоста на жените и како модел за нивно активно економско учество. Во последните години, интересот за анализирање на предизвиците поврзани со женското претприемништво значително расте. Се смета дека адресирањето на овие предизвици бара координиран и усогласен пристап на сите релевантни чинители, доколку се сака да се постигне мерливо подобрување на положбата на жените на пазарот на труд.

Врз основа на ова, се полага на претпоставката дека систематскиот и долгорочен пристап за поттикнување на економското учество на жените преку претприемништво ќе резултира со нивна подобра интеграција во пазарните процеси. Решението не подразбира унифициран модел, туку разновидни пристапи кои опфаќаат можности за постојано, привремено или повремено вработување. Меѓу моделите кои во поново време покажуваат значајни резултати се и претприемништвото и социјалното претприемништво. Со цел подетално да се утврдат интересите на жените, нивните очекувања, стравови, перцепцијата на ризик и претприемачкиот потенцијал, беше развиен анкетен инструмент кој ги опфаќа следните групи варијабли:

1. Пол и возраст на испитаниците;
2. Ниво на образование на испитаниците;
3. Потребата од обука за претприемништво;
4. Тековно искуство со вработување;
5. Ставови и размислувања за претприемништвото;

## 4. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Во последната деценија прашањата поврзани со женското претприемнништво и унапредувањето на родовата еднаквост добиваат сè повисоко место во развојните приоритети на Општина Битола. Локалните стратегии нагласуваат дека обезбедувањето пристојна работа за жените претставуваат една од важните цели во политиките на општините во Пелагонискиот регион (Општина Битола, 2023; Општина Битола, 2024). И покрај определен напредок, спроведувањето на сеопфатни и ефективни мерки за подобрување на женската вработливост и понатаму претставува значаен предизвик. Според податоците на Агенцијата за вработување

во 2025 година, во Битола се евидентирани 3.438 невработени лица, од кои 2.790 живеат во градските и 648 во руралните средини. Од нив, 1.658 се мажи, додека 1.844 се жени. Дополнително, 1.908 лица се категоризирани како други баратели на работа, што го носи вкупниот број на активни баратели на работа на 5.430. Овие податоци упатуваат дека жените се соочуваат со повисок ризик од невработеност, што е особено изразено кај жените кои го бараат своето прво вработување и кои, поради недостиг од практично искуство, имаат помала конкурентност на пазарот на труд (Општина Битола, 2024). Покрај тоа, долгите периоди на невработеност можат да доведат до губење на работните вештини, намалена самодоверба и слабеење на мотивацијата за понатамошно професионално усовршување (Mellor et al., 2009). Невработеноста кај жените истовремено претставува загуба на вложените ресурси во нивното образование и го ограничува економскиот потенцијал на локалната средина (World Bank, 2018). Врз основа на спроведеното истражување, поставени се неколку клучни истражувачки прашања:

1. Какви се ставовите на жените во Битола во однос на започнувањето сопствен бизнис?
2. До кој степен жените располагаат со знаења од областа на претприемништвото и управувањето со мал бизнис?
3. Кои претприемачки вештини и компетенции ги сметаат за неопходни за започнување сопствен бизнис?

Во тој контекст, направено е анкетирање со таргет групата со цел да се идентификуваат нивните потреби и да се најдат соодветни решенија за нивна полесна интеграција на пазарот на труд. Едно од прашањата содржани во анкетниот прашалник се однесува на идентификување на мотивите кај жените за започнување на сопствен бизнис. Одговорите на прашањата се прикажани на графиконот 1 што следи во текстот.

***Графикон 1. Мотиви кај жените за започнување сопствен бизнис***




**Извор: сопствено истражување**

Како што се гледа од графиконот 1 најголем мотиватор за жените да се одлучат да бидат претприемачи претставуваат финансиската независност и страста кон идејата. Ова ни покажува дека жените претприемачи внесуваат и емоции и страст во бизнисот што претставува позитивна основа за успешност на нивната бизнис идеја. Добиените резултати од истражувањето покажуваат дека жените, во голема мера се мотивирани од два клучни фактори и тоа: финансиска независност и страста кон своите идеи. Финансиската независност служи како важен стимул за жените да создадат свои бизниси, бидејќи им овозможува контрола над сопствените финансии и приоритетите во животот. Оваа независност не само што ја зголемува нивната сигурност, туку и им овозможува слобода во донесувањето на одлуки. Дополнително, страста кон идејата е централна за нивниот успех. Жените често вложуваат свои чувства и интереси во проектите што ги водат, што ги наведува да работат посветено. Оваа страст не само што ги мотивира да надминуваат предизвици, туку и создава иновации и нови решенија во нивните области на работи. Заедно, овие два мотивациски фактори создаваат силна основа за жените во претприемништвото, поттикнувајќи ги да ги реализираат своите идеи и да ја преобликуваат деловната средина.

Кога станува збор за предизвиците со кои се соочуваат жените во бизнисот, одговорите на прашањата се прикажани на графиконот 2.

***Графикон 2. Предизвици со кои се соочуваат жените при започнување сопствен бизнис***




**Извор: сопствено истражување**

Од добиените податоци може да се види дека жените се соочуваат со различни предизвици при започнувањето на сопствен бизнис. Во однос на предизвиците со кои се соочуваат со жените, јасно е дека 27,5% се соочуваат со недостаток на капитал. Факт е дека жените на почеток располагаат со малку финансии или мал капитал па затоа и целта на нивниот бизнис е да работат и да најдат начини како ќе го зголемат капиталот во текот на нивното работење. 22,5% се соочуваат со ограничен пристап до пазари и најчесто жените се одлучуваат да основаат мали бизниси кои делуваат на локални пазари. 20% од жените се соочуваат со правни/административни бариери кои им прават дополнителни потешкотии во почетокот на започнувањето на нивниот бизнис.

Исто така, истражувањето ја анализираше и потребата од надоградување на знаењата за бизнис. Добиените податоци покажуваат дека најголем процент од жените (64.3%) им е потребно надоградување на знаењата, додека 11.9% се изјасниле дека немаат потреба а 23.8% не се сигурни. Во секој случај, од добиените податоци евидентна е потребата од надоградување на знаењата кај жените кога станува збор за бизнис. На прашањето во која област е потребна доедукација на жените, листата на областите каде им е потребна доедукација и надградба на знаењата на жените претприемачи е подолга и од следното прашање може да се види за што конкретно станува збор.

Области каде што жените имаат потреба од едукација се: Јавни набавки и книговодство; Пазарни стратегии и продажба, промоција, маркетинг; Нови технологии, AI; Легислативи, законски рамки; Нови трендови и нови технологии; Пристап до нови пазари; Маркетинг и менаџмент; Професионален и личен развој; Лидерство, справување со конфликти; Финансии и инвестиции; Меки вештини; Дигитален маркетинг; Менаџмент, претприемништво и иновации, како и управување со промени.

Исто така, едно од прашањата е во насока на пречките со кои се соочуваат жените претприемачи при искажувањето на својот претприемачки капитал. И тука добивме различни одговори кои секако треба со големо внимание да се разгледаат и да се поработи на нив во иднина. Што најмногу ги спречува жените да го искажат својот потенцијал како претприемачи? Одговорите се различни и тоа: Финансиската поддршка, Недоволно време за себе и семејството, Недостигот на поддржувачка деловна мрежа, ограничени можности за пристап до информации и ресурси, перцепцијата дека претприемништвото е „ризично“ поле, Социјалниот притисок од средината, Општествените очекувања дека семејните обврски се пред професионалните, Менталитетот, стравот, немањето поддршка на жените од семејствата и нивната самодоверба, Стравот од неуспех, општествените стереотипи, Семејниот живот, Средината во која живеат, Финансиските аспекти, Храброста да го направат првиот чекор.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Од анализата произлегува дека жените кои влегуваат во претприемништвото се соочуваат со повеќеслојни бариери, формирани под влијание на општествените стереотипи, традиционалните родови улоги и предрасудите поврзани со изборот на професија и образование. Иако се прават значајни напори за унапредување на родовата еднаквост, сè уште е присутна поделбата на „женски“ и „машки“ професии, што ја ограничува економската мобилност и ја одложува активната вклученост на жените во претприемачките

процеси. Сепак, видливо е дека многу жени поседуваат силен креативен потенцијал, проактивност и желба за промени, што позитивно влијае врз нивната самоактивација. Тие сè почесто се одлучуваат да развијат сопствени деловни иницијативи, најчесто во секторите како мода, храна, трговија и услуги. Овој тренд упатува на потребата од поинтензивна институционална и локална поддршка, која ќе им овозможи на жените да навлегуваат и во други, поиновативни или поодржливи бизнис-сектори. Претприемништвото, како динамичен процес на создавање вредност, не е само економска активност туку и практика која бара знаење, адаптивност, преземање ризик и способност за мобилизирање ресурси. Токму затоа е важно да се развива силна претприемачка свест кај жените, да се поттикнува претприемачкото учење и да се гради култура која ги поддржува иновациите и новите идеи. Заклучните согледувања потврдуваат дека за жените да станат поконкурентни на пазарот на труд и да креираат стабилна професионална иднина, неопходна е координирана, долгорочна поддршка. Таа треба да доаѓа од институциите, локалната самоуправа и пошироката заедница, со цел да се надминат родовите бариери и да се обезбедат реални услови за развој на женското претприемништво.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Arqimandriti, M., et al. (2023). Women entrepreneurship in the Western Balkans: Stocktaking on constraints and good practices. Gender Alliance for Development Centre.

Buble, M., & Kružić, D. (2020). Poduzetništvo: realnost sadašnjosti i izazov budućnosti. RriF.

Mbarushimana, N. (2023). Entrepreneurship for general education. Rwanda Basic Education Board.

Mellor, B. R., Coulton, G., Chick, A., Bifulco, A., Mellor, N., & Fisher, A. (2009). Entrepreneurship for everyone. Sage Publications.

Општина Битола. (2023). Стратегија за локален економски развој на општина Битола 2023–2027. https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/Стратегија-за-локален-економски-развој-2023-2027.pdf

Општина Битола. (2024). Социјален план 2021–2024. https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/Социјален-план-Битола-2021-2024.pdf

Општина Битола. (2024). Стратегија за родова рамноправност – Општина без дискриминација. https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/Стратегија-за-родова-рамноправност.pdf

Pokrajac, S., & Tomic, D. (2009). Preduzetnici kao ključni činioci stvaranja preduzetničkog društva. Škola biznisa. http://www.vps.ns.ac.rs/SB/2009/2.1.pdf

Radović Marković, M. (2013). Female entrepreneurship: Theoretical approaches. Journal of Women's Entrepreneurship and Education, 1–2, 1–9.

World Bank. (2018). An operational guide to women’s entrepreneurship programs in the World Bank. Finance, Competitiveness and Innovation Global Practice.